БИЛТЕН НА РИЗИЦИ

# ОПСЕРВАТОРИЈА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА



БРОЈ 2 ОКТ–НОЕ 2020

## Резиме


**Разбиена албанска кокаинска мрежа управувана од затвор во Еквадор**
На 17 септември, Европол објави информација за голема меѓународна операција во која била растурена една од најактивните албански мрежи за трговија со кокаин во Европа. Албанските медиуми шпекулираат дека водачот е познат 40-годишен албански криминалец. Интересно, тој е во затвор во Еквадор во последните шест години. Овој случај го покажува досегот на криминалните групи од Западен Балкан и слабоста на правните системи во Латинска Америка, што им овозможува на балканските криминалци да дејствуваат таму – дури и од затвор.

**Нелегалното оружје на Западен Балкан: закана за Европа**
Југоисточна Европа е преплавена со оружје, особено она што остана од војните во поранешна Југославија. Некои земји во регионот сè уште произведуваат оружје. Во Западна Европа постои загриженост дека огненото оружје, гранатите и експлозивите од Југоисточна Европа се користат при акти на насилство предизвикани од банди, екстремисти и од терористи. Во овој напис се разгледуваат обемот и природата на заканата, како и обидот за нејзино решавање преку Берлинскиот процес.

**Организираниот криминал од родов аспект**
Организираниот криминал обично се смета за машки свет. Малку се знае за улогата на жените како жртви или сторители на кривични дела. Ова прашање привлекува малку внимание на Западен Балкан, но сепак во регионот постојат јасни врски помеѓу криминалот и машкоста. Овој напис го разработува организираниот криминал на Западен Балкан од родов аспект за да се сфатат подобро неформалните правила што ги обликуваат различните улоги за мажите и жените и за да се потенцира што може да се стори со цел да се осмислат контрамерки за промена на ставовите, претставите и однесувањето.



GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

**Фишинг во Северна Македонија**

Хакерите од Северна Македонија стекнаа озлогласена репутација, од креирање лажни вести за време на последните избори во САД до извршување несразмерен број кривични дела од областа на компјутерскиот криминал. Во последно време, се чини дека компјутерскиот криминал има сè поголемо влијание врз приватниот сектор во Северна Македонија, особено како резултат на техниката позната како „фишинг", која се користи за кражба на податоци или за вршење измами. Оваа статија објаснува како функционира сето тоа и неговото влијание.

**За разбивањето на силосите и „недопирливите": мрежата Балканска криминологија**

Во нашиот месечен фокус врз отпорот, д-р Ана-Марија Гетош Калач, основач и копретседавач на Балканска криминологија и вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот во Загреб, зборува за разбивање на силосите меѓу академската фела, граѓанското општество, медиумите и актерите во кривичноправните системи на Западен Балкан, како и за закананата што ја претставуваат „недопирливите" и улогата на академската заедница во борбата против корупцијата.

## ЗА ОВОЈ БРОЈ

Ви благодариме за позитивните повратни информации за бројот 1 од Билтенот на ризици, изработен од Опсерваторијата за граѓанско општество за сузбивање на организираниот криминал во Југоисточна Европа. Ги цениме вашите коментари и ги поздравуваме вашите предлози за приказни и теми што треба да ги обработиме.

Во овој број, разгледуваме неодамнешен случај што излезе на виделина во врска со албанска мрежа за трговија со кокаин што дејствува надвор од Еквадор. Ова го илустрира трендот што Глобалната иницијатива против транснационален организиран криминал (GI-TOC) го истакна во извештајот од јули 2020 година, „Транснационални пипала: Глобални жаришта на организираниот криминал од Западен Балкан", кој покажа како криминалните групи од Западен Балкан се активни во неколку криминални жаришта низ целиот свет. Она што, исто така, е интересно во врска со овој случај е тоа што наводниот „шеф" координирал операции за трговија со дрога од затвор во Еквадор.

Претставуваме приказна за шверц на оружје од Југоисточна Европа. Иако овој ризик не е нов, на овој проблем неодамна му се обрна внимание, бидејќи огненото оружје, гранатите и експлозивите од регионот се користат во насилството меѓу бандите во Западна Европа, и постои загриженост дека оружјето може да заврши во рацете на екстремистите и терористите.

Родот ретко е тема поврзана со организиран криминал. Во овој број, го разработуваме организираниот криминал на Западен Балкан од родов аспект со цел подобро да ги разбереме неформалните правила што ги обликуваат различните улоги за мажите и жените и за да истакнеме што може да се направи за да се осмислат контрамерки за промена на ставовите, претставите и однесувањето.

Во минатото, Северна Македонија стекна репутација за компјутерски криминал и креирање лажни вести. Во последно време, деловните активности во Северна Македонија се цел на сајбер-напади, особено преку техниката позната како фишинг, која се користи за кражба на податоци или за вршење измами. Објаснуваме како функционира сето тоа и кое е неговото влијание.

Секој месец, прикажуваме профил на личност или организација што работи на зајакнување на отпорот кон организираниот криминал и корупцијата. Во овој број, разговараме со д-р Ана-Марија Гетош Калач за мрежата Балканска криминологија и за тоа што се прави за подобрување на проучувањето на организираниот криминал на Западен Балкан и за изградба на мрежа помеѓу академската фела, граѓанското општество, медиумите и актерите во кривичноправните системи во регионот.

Доколку сакате да стапите во контакт со нас или сакате да придонесете за Билтенот на ризици, контактирајте нè на almedina.dodic@globalinitiative.net.

# Разбиена албанска кокаинска мрежа управувана од затвор во Еквадор

На 17 септември 2020 година, Европол објави информација за голема меѓународна операција со која е растурена Компања Бељо, една од најактивните албански мрежи за трговија со кокаин во Европа.[1] Повеќе од 20 лица биле уапсени по петгодишна истрага предводена од италијанската полиција, со учество на агенции за спроведување на законот од десет други земји. Во рациите биле запленети речиси четири тони кокаин и над 5,5 милиони евра во готовина од, како што било опишано, високопрофесионална криминална организација.

Според Европол, водачот на организацијата, 40-годишен албански државјанин со престојувалиште во Еквадор, користел софистицирана шифрирана комуникациска технологија за директни преговори со јужноамериканските нарко-картели; организирал огромни пратки кокаин до најголемите пристаништа во Европа; а со помош на соучесници од Италија, Холандија и Албанија, организирал дистрибуција на дрога низ цела Европа. Кокаинот бил шверцуван преку европските граници во возила опремени со добро скриени бункери. Криминалците наводно ја переле заработката користејќи го неофицијалниот алтернативен систем за префрлање пари кој настанал во Кина, и е познат како *fei ch'ien*, кој е сличен на системот *hawala*.

Албанските медиуми шпекулирале дека „мозок" на целата операција е човек по име Дритан Реџепи.[2] Интересно е што Реџепи е во затвор во Еквадор во последните шест години, од апсењето во август 2014 година поради трговија со дрога. Поголемиот дел од своето полнолетство Реџепи го поминал во бегство. Тој се бара за убиство на двајца полицајци во Албанија, откако избегал од истражен затвор во 2006 година. Откако бил уапсен во Холандија во 2008 година, бил екстрадиран во Италија. Во април



**Товарен брод со контејнери впловува во длабоководното пристаниште Гвајакил, Еквадор.**

© Shutterstock/Al'fred

2011 година, додека издржувал казна за трговија со дрога во Италија, избегал од затворот во Павија.[3] Неколку месеци подоцна, бил обвинет за грабеж на банка и уапсен во Шпанија, но подоцна бил екстрадиран во Белгија, каде што имал меѓународна потерница за трговија со дрога. Таму избегал од затвор третпат, сè додека не бил уапсен во Еквадор во 2014 година.[4]

Тоа што озлогласен криминалец може да има водечка улога во координирање една ваква масовна операција за трговија со кокаин од неговата затворска ќелија во Еквадор, ја покажува не само силата на албанските криминални мрежи што оперираат надвор од Западен Балкан, туку и слабоста на кривичноправниот систем во Еквадор.

Во извештај на GI-TOC од јули 2020 година,[5] „Транснационални пипала: Глобални жаришта на организираниот криминал од Западен Балкан", се опишува како во текот на изминатите дваесет години, криминалните групи од Западен Балкан, вклучително и од Албанија, го унапределе синџирот на вредности на неколку големи пазари на дрога и како последица на тоа станале големи играчи, особено во трговијата со кокаин од Латинска Америка во Западна Европа.

Се чини дека Еквадор е популарен за криминалните групи затоа што земјата се наоѓа помеѓу Колумбија и Перу, кои заедно произведуваат околу 90% од светскиот кокаин. Исто така, лесно се влегува и излегува од него: има безвизен режим до 90 дена, нема национална база на податоци за отпечатоци од прсти или фотографии од лични документи, а наводно лесно се менува идентитетот и се доаѓа до лажни документи, како што се лични карти и пасоши.

Во останатите фактори на ранливост влегуваат неодамнешна историја на политичка нестабилност, порозните граници, слабиот кривичноправен систем, економијата заснована на готовина (што го отежнува следењето на финансиските текови и лесно перење пари) и корупцијата во судскиот систем. Еквадорските затвори имаат долга историја на корупција и несигурност,[6] како и насилство меѓу банди.[7] Вреди да се напомне и дека Еквадор нема закон што предвидува запленување на имотот на трговците со дрога и речиси никаква соработка, заемна правна помош или размена на разузнавачки информации со земјите од Западен Балкан. Затоа и не е изненадувачки што Еквадорската национална дирекција за борба против наркотици проценува дека помеѓу 2017 и 2019 година, 56 Албанци поврзани со недозволени активности пристигнале во Еквадор.[8]

Според Националната служба за лица лишени од слобода во Еквадор, Реџепи ќе биде екстрадиран во Албанија откако ќе ја издржи целата 13-годишна казна затвор.[9] Досега, тој издржал околу половина од затворската казна.

Овој случај покажува дека подобрената соработка за спроведување на законите во рамките на Западен Балкан или меѓу земјите во регионот и Европол ќе биде недоволна ако криминалците од регионот може слободно да дејствуваат во Латинска Америка, дури и по апсењето. За да се зајакне контролата врз дрогата, ќе биде потребен поефикасен триаголен однос помеѓу земјите од Западен Балкан, Западна Европа и Латинска Америка, вклучувајќи заемна правна помош, заплена и пронаоѓање недвижен имот и парични средства, екстрадиција, размена на разузнавачки информации и заеднички операции.

## Забелешки

1 Europol, Joint investigation team leads to dismantling of one of Europe's most active Albanian-speaking networks trafficking cocaine into Europe, 17 September 2020, https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/joint-investigation-team-leads-to-dismantling-of-one-of-europe%E2%80%99s-most-active-albanian-speaking-networks-trafficking-cocaine.

2 *Si funksiononte karteli i kokaines? Hoxha: Dritan Rexhepi rrinte ne hije, niste ngarkesat nga burgu*, ABC News Albania, 17 September 2020, https://www.youtube.com/watch?v=cm8mY921Xv4. Друг клучен играч идентификуван од медиумите е Елди Дизрари, албански државјанин што живее во Дубаи.

3 *'Si u arratisa nga qelitë e Shqipërisë, Italisë dhe Spanjës', rrëfimi nga burgu në Ekuador i Dritan Rexhepit*, Gazeta Shqiptare, 11 February 2020, http://gazetashqiptare.al/2020/02/11/si-u-arratisa-nga-qelite-e-shqiperise-italise-dhe-spanjes-rrefimi-nga-burgu-ne-ekuador-i-dritan-rexhepit/.

4 *Belgjike arratiset nga burgu Dritan Rexhepi*, Tema, 2 October 2011, http://www.gazetatema.net/2011/10/02/belgjike-arratiset-nga-burgu-dritan-rexhepi/.

5 Walter Kemp, Transnational tentacles: Global hotspots of Western Balkan organized crime, GI-TOC, July 2020, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2020/07/Transnational-Tentacles-Global-Hotspots-of-Balkan-Organized-Crime-ENGLISH_MRES.pdf.

6 *21 detenidos por ingreso de armas en supuesta ambulancia a la Penitenciaría*, *El Universo*, 17 February 2019,

https://www.eluniverso.com/noticias/2019/02/17/nota/7194221/21-detenidos-ingreso-ambulancia-penitenciaria-litoral.

7 *Desde la cárcel de Latacunga, un albanés dirigió un emporio de droga en Europa*, Plan V, 21 September 2020, https://www.planv.com.ec/historias/sociedad/desde-la-carcel-latacunga-un-albanes-dirigio-un-emporio-droga-europa.

8 Ibid.

9 Ibid.

# Нелегалното оружје на Западен Балкан: закана за Европа.

На 30 септември 2020 година, речиси 9 000 лица од органи за спроведување на законот од 34 земји учествуваа во заедничката операција против организираниот криминал во Југоисточна Европа.[1] Четиридневната операција, поддржана од Европол, имаше цел да се справи со илегалната имиграција и трговијата со луѓе; уапсени се 166 лица под обвинение за трговија со оружје, луѓе и дрога. Запленети се повеќе од 51 парче оружје од различен тип.

Шверцувањето оружје од Балканот предизвикува загриженост уште од 90-тите години на минатиот век и очигледно, проблемот не стивнува: „Милиони парчиња лесно оружје што циркулираат на Западен Балкан претставуваат голема закана за европската безбедност", рече францускиот министер за надворешни работи Жан-Ив ле Дријан на заедничката прес-конференција со неговиот германски колега Хајко Маас, во декември 2018 година.[2] Полицијата во Шведска, загрижена од растечкото насилство на бандите, забележа значително зголемување на употребата на пиштоли, револвери, автоматско оружје, па дури и гранати шверцувани од Западен Балкан. И тековната војна меѓу црногорските кланови се карактеризира со насилство со употреба на низа видови оружје, вклучувајќи автоматско оружје и пластичен експлозив. Колку е сериозно снабдувањето со нелегално оружје на Западен Балкан? И, кои се ризиците по регионот и пошироко?

Југоисточна Европа е преплавена со оружје што останало од војните во поранешна Југославија, вклучувајќи го и она увезено во текот на 90-тите години од минатиот век, оружје оставено од Југословенската народна армија и она што се користело на Косово во 1999 година и во Северна Македонија во 2001 година. За време на граѓанските немири во Албанија во 1997 година, оружје било ограбено и од армиските складишта за оружје. Според умерените процени на ООН и Европол, како и на регионални експерти, има повеќе од 3 милиони парчиња нелегално оружје во шесте земји од Западен Балкан плус Хрватска.[3] Тоа



**Залихи на огнено оружје фатени во Валона, Албанија, август 1997.**

© Alain Nogues/Sygma/via Getty Images

во просек изнесува 30 парчиња оружја (и легално и нелегално огнено оружје) на 100 жители.[4]

Истражувањето за ситно оружје со седиште во Женева покажува дека во 2017 година, Црна Гора и Србија, секоја со по 39,1 парчиња оружје на 100 жители, се рангирани на третото место во светот и први во Европа по оружје во сопственост на цивили. И другите земји од Западен Балкан котираат високо на списокот: Босна и Херцеговина е рангирана на петтото место во Европа и деветтото во светот (31,2 парчиња на 100 жители); Северна Македонија е седма во Европа и 13-та во светот со 29,8 парчиња на 100 жители; Косово е на 11-то место во Европа и на 16-то во светот со 23,9 парчиња на 100 жители.[5]

Речиси сите видови ситно оружје и воено оружје може да се набават на Западен Балкан и во Хрватска, па дури и противтенковски оружја, експлозиви, минофрлачи, рачни ракетни лансери и лесни противавионски оружја.

### Шверцување, употреба и трошоци за нелегално оружје

Повеќето од ова оружје е скриено во домовите на луѓето, на црниот пазар или е во сопственост на криминалци. Од 2015 година, во низа атентати поврзани со војната меѓу криминалните групи во Црна Гора беа убиени десетици луѓе во инциденти со автоматско оружје или пластичен експлозив.

Просечната цена на оружјето во земјите од Западен Балкан се движи од 10 евра за рачна граната до 150–400 евра за пиштол.[12] Полуавтоматските пушки чинат меѓу 150 и 300 евра, додека автоматските пушки се околу 200 до 400 евра.

На црниот пазар може да се најдат и експлозиви од Западен Балкан: пластичниот експлозив C4 чини помеѓу €1 500 and 4 000 евра за килограм. До 1991 година, само четири земји во светот, вклучително и поранешна Југославија, произведуваа ваков вид експлозив. Се произведувал во воена фабрика во Беране (сега Црна Гора). Пластичните експлозиви широко се користат од криминалците во Црна Гора и Србија, особено за разнесување возила – на 13 септември 2020 година, таков експлозив наводно бил користен да се разнесе автомобил во Белград.

Кога станува збор за шверцување нелегално оружје, криминалците од Западен Балкан се добро поврзани со шверцери на оружје од Хрватска и од Словенија, каде што имало неколку големи заплени на оружје.[13] Мрежи на организиран криминал го шверцуваат нелегалното оружје низ цела Европа, а во нив вообичаено има групи што се занимаваат со недозволена трговија со други добра (како што е дрогата). Во некои случаи, се тргува со оружје за дрога. Оружје од Западен Балкан е пронајдено во Австрија, Франција, Германија, Италија, Холандија, Шпанија, Шведска и Велика Британија.[14] Некое од ова оружје го користат криминални групи; друго завршува во рацете на терористите.

Националната агенција за криминал во Велика Британија предупреди дека бројот на нелегално оружје во Велика Британија ќе продолжи да се зголемува; оружјето од Западен Балкан е во првите редови на нелегалниот пазар.[15] Агенцијата стравува дека дел од нелегалното оружје од Западен Балкан може да се користи во терористички напади.

Во Шведска, бројот на убиства поврзани со групи на организиран криминал што користат нелегално оружје од Западен Балкан е во пораст.[16] Купувачите на нелегално оружје се членови на организирани криминални групи и банди. Во оваа вообичаено мирна земја, во 2019 година се случиле 320 инциденти и 42 смртни случаи поради вооружено насилство,[17] вклучувајќи и шокантен број случаи поврзани со рачни гранати М-75 произведени во поранешна Југославија. Тие може да се купат за само 100 круни (9,60 €).[18]



**Рачна граната тип М-75 и канистер.**
© WikiCommons




| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **САД** | 120.5 | **Исланд** | 31.7 | **Шведска** | 23.1 |
| **Јемен** | 52.8 | **Босна и Херцеговина** | 31.2 | **Пакистан** | 22.3 |
| **Црна Гора** | 39.1 | **Австрија** | 30.0 | **Португалија** | 21.3 |
| **Србија** | 39.1 | **Македонија** | 29.8 | **Франција** | 19.6 |
| **Канада** | 34.7 | **Норвешка** | 28.8 | **Германија** | 19.6 |
| **Уругвај** | 34.7 | **Малта** | 28.3 | **Ирак** | 19.6 |
| **Кипар** | 34.0 | **Швајцарија** | 27.6 | **Луксембург** | 18.9 |
| **Финска** | 32.4 | **Нов Зеланд** | | | |

**СЛИКА 1 Проценета стапка на огнено оружје што го поседуваат цивили во 25 највисоко рангирани земји и територии, 2017 година (огнено оружје на 100 жители).**

Извор: Aaron Karp, Estimating global civilian-held firearms numbers, Small Arms Survey, June 2018, www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/T-Briefing-Papers/SAS-BP-Civilian-Firearms-Numbers.pdf.

Според француската полиција, терористите вклучени во нападите во Париз во јануари и ноември 2015 година, вклучително и масакрот во концертната сала Батаклан, користеле нелегално оружје од Западен Балкан.[19] Исто така, има извештаи за производство на оружје на Балканот што завршува во воени зони како Сирија.[20]

И моторџиските банди се вклучени во недозволената трговија со оружје од Западен Балкан. Контактите што претходно тргувале со дрога и луѓе сега се користат за шверцување оружје. Озлогласените браќа Ќулум, кои беа активни во мото-бандата Јунајтед Трибјунс, наводно работат од Босна и Херцеговина откако им беше забранет




| Земја | Проценето количество илегално оружје |
|---|---|
| Албанија | 210 000[6] |
| Босна и Херцеговина | 750 000[7] |
| Хрватска | 600 000[8] |
| Косово* | 200 000[9] |
| Црна Гора | 170 000[10] |
| Северна Македонија | 500 000 |
| Србија | 1 000 000[11] |

**СЛИКА 2 роценето количество илегално оружје по земја, Балкански регион.**

*Забелешка: Именувањето на Косово не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН и Мислењето на Меѓународниот суд за правда за прогласувањето независност на Косово.

Извор: Small Arms Survey, Civilian firearms holdings, 2017, http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/Weapons_and_Markets/Tools/Firearms_holdings/SAS-BP-Civilian-held-firearms-annexe.pdf

пристап во Германија поради тоа што ги сметале како закана за националната безбедност.[21] Тие, наводно, биле вклучени во трговија со дрога и оружје во Германија, Австрија и Швајцарија.[22] За други групи, како Бандидос со седиште во Гетеборг, се вели дека ги прошируваат своите контакти на Балканот.[23] Најпопуларната рута за трговија со оружје до Западна Европа е Балканската рута.

ЕУ го признава проблемот со нелегалното оружје на Западен Балкан и е вклучена во заеднички програми со регионалните влади. Во 2017 година, Франција и Германија покренаа иницијатива за сузбивање на шверцувањето огнено оружје на Западен Балкан, со акциски план до 2024 година.[24] Како дел од Берлинскиот процес, на самитот на Западен Балкан во Лондон во јули 2018 година беа усвоени патокази за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотребата и трговијата со ситно и лесно оружје и муниција во регионот.[25] Со оглед на бројот на оружје во оптек, потребна е итна акција за да се намали ризикот ова оружје да дојде во рацете на криминалци и терористи.

## Забелешки

1 Europol, 166 arrested in international crackdown against crime in Southeast Europe, 30 September 2020, https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/166-arrested-in-international-crackdown-against-crime-in-southeast-europe.

2 European Western Balkans, French Foreign Minister: Small arms from the Western Balkans are a threat to European security, 11 December 2018, www.europeanwesternbalkans.com/2018/12/11/french-foreign-minister-small-arms-western-balkans-threat-european-security/.

3 Ted Leggett, Crime and its impact on the Balkans and affected countries, UNODC, March 2008, https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/Balkan_study.pdf.

4 Aaron Karp, Estimating global civilian-held firearms numbers, Small Arms Survey briefing paper, June 2018, www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/T-Briefing-Papers/SAS-BP-Civilian-Firearms-Numbers.pdf.

5 Ibid.

6 За оваа бројка, видете https://www.politico.eu/article/the-european-nation-with-a-deadlier-gun-culture-than-the-us-albania/.

7 750 000 weapons in BiH, https://www.ba.undp.org/content/bosnia_and_herzegovina/en/home/presscenter/articles/2015/03/07/arms-control-exchange-bosnia-and-herzegovina-and-argentina.html#:~:text=Small%20arms%20are%20also%20problematic,1990s%2C%20are%20still%20in%20circulation.

8 Видете https://zadarski.slobodnadalmacija.hr/zadar/forum/vec-imamo-500-000-komada-ilegalnog-naoruzanja-a-sada-ce-se-taj-broj-i-povecati-461630.

9 Програмата за развој на УН вели дека има 260 парчиња оружје; видете https://www.undp.org/content/dam/kosovo/docs/KSSP/KSSP%20Brochure_Final%20ENG%20sz.pdf.

10 Властите велат дека има 900 000; видете https://www.rs.undp.org/content/serbia/en/home/presscenter/articles/2016/07/14/there-is-a-clear-correlation-between-illicit-firearms-and-violence.html.

11 Small Arms Survey report 141 464, http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/Weapons_and_Markets/Tools/Firearms_holdings/SAS-BP-Civilian-held-firearms-annexe.pdf.

12 Информациите за цената на различните видови оружје се засноваат врз сигурни податоци од криминалните пазари, како и од полициските и судските документи

13 Europol, Police raids addresses across Croatia to break arms trafficking network, 20 June 2018, www.europol.europa.eu/newsroom/news/police-raids-addresses-across-croatia-to-break-arms-trafficking-network.

14 Europol, Illicit firearms trafficking, www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas/illicit-firearms-trafficking.

15 Charles Hymas, Gangs buy blank-firing guns online before importing them to UK amid rise in firearms to enforce drugs, *The Telegraph*, 14 April 2020, www.telegraph.co.uk/politics/2020/04/14/gangs-buy-blank-firing-guns-online-importing-uk-amid-rise-firearms.

16 Lee Roden, Why Swedish gangs use hand grenades (and what the country is doing about it), The Local SE, 28 February 2018, www.thelocal.se/20180228/why-sweden-is-battling-hand-grenades-and-illegal-weapons.

17 Paulina Neuding, Violent crime in Sweden is soaring. When will politicians act?, *The Spectator*, 29 December 2018, www.spectator.co.uk/article/violent-crime-in-sweden-is-soaring-when-will-politicians-act-; see also: Sweden's big cities see fall in number of shootings, The Local SE, 7 January 2020, www.thelocal.se/20200107/fewer-shootings-in-swedens-big-cities-in-2019.

18 Karis Hustad, Sweden has a problem with hand grenades and here's why, Euronews, 11 April 2018, www.euronews.com/2018/04/10/sweden-has-a-problem-with-hand-grenades-and-here-s-why. In ongoing research, an inter-institutional team of criminologists and researchers counted 78 cases of hand grenade explosions between 2010 and 2017, with half of those cases occurring in 2016. See *Kriminologiska funderingar, Förtydligande om internationell jämförelse av handgranatsdetonationer*, 11 September 2017, www.mgerell.blogspot.com/2017/09/fortydligande-om-internationell.html.

19 Jasmina Rose, *Islamski teroristi opskrbljuju se oružjem s Balkana, Deutsche Welle*, 4 February 2020, https://www.dw.com/hr/islamski-teroristi-opskrbljuju-se-oružjem-s-balkana/a-52244446.

20 *L. T., Trogodišnje terensko istraživanje: Hrvatske rakete u rukama boraca Islamske države*, Novi list, 15 December 2017, www.novilist.hr/Vijesti/Hrvatska/Trogodisnje-terensko-istrazivanje-Hrvatske-rakete-u-rukama-boraca-Islamske-drzave/.

21 *Član moto bande: Postali smo prejaki pa su hteli da nas sklone!*, Kurir, 7 January 2014, https://www.kurir.rs/planeta/1168173/clan-moto-bande-postali-smo-prejaki-pa-su-hteli-da-nas-sklone.

22 Višnja Kragić Mahmutović, *Na čelu opasne bande: Braća Ćulum su državna opasnost*, 24 sata, 24 April 2019, www.24sata.hr/news/na-celu-opasne-bande-braca-culum-su-drzavna-opasnost-626082.

23 Claes Petersson and Daniel Olsson, *De leder MC-gängen där du bor – här är listan*, 28 December 2016, Expressen, www.expressen.se/nyheter/de-leder-mc-gangen-dar-du-bor—har-ar-listan/.

24 Council of the European Union, Council decision (CFSP) 2019/2111 in support of SEESAC disarmament and arms control activities in South-East Europe reducing the threat of illicit small arms and light weapons and their ammunition, 10 December 2019, www.eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32019D2111&from=EN.

25 Roadmap for a sustainable solution to the illegal possession, misuse and trafficking of Small Arms and Light Weapons (SALW) and their ammunition in the Western Balkans by 2024, SEESAC, 27 September 2019, www.seesac.org/f/docs/publications-salw-control-roadmap/Regional-Roadmap-for-a-sustainable-solution-to-the.pdf.

# Организираниот криминал од родов аспект

„Работевме 45 дена на сушење, чистење и пакување на канабисот што требаше да се прати во Италија од бреговите на Курбин. Беше интензивно, но задоволително искуство. За осум часа, ни платија 2 000 лека [€16]; ако работиш 10 часа, можеш да добиеш 2 500 лека [€19]. Со заработените пари купив облека и учебници за моите три деца.“[1]

„Штета што во текот на една година оваа работа не трае повеќе од 40 дена. Јас и мојот сопруг немаме никаква работа и да работиме почесто би било профитабилно.“[2]

Две жени ангажирани во одгледувањето канабис во Албанија, кои ни ги раскажаа своите приказни, дадоа увид во улогата на жените во оваа недозволена активност. Извештаите за жени што се занимаваат со одгледување канабис во Албанија датираат од почетокот на 90-тите години на минатиот век, кога саделе канабис во своите градини.[3] Оттогаш, се верува дека жените играат клучна улога во индустријата, специјализирајќи се претежно во процесот на чистење канабис.

Таквите случаи се ретки, но и жените биле вклучени на повисоки позиции во криминални групи во регионот. На 22 септември 2020 година, една Србинка на чело на меѓународна група за трговија со канабис беше уапсена во Шпанија заедно со уште 30 други членови на групата (претежно од Србија, Хрватска и Велика Британија), од кои некои имаа претходни криминални досиеја во Србија и се бараа од страна на властите.[4] Покрај тоа, запленети биле 12 600 растенија, 190 килограми обработени цветови и 50 000 евра во готовина.[5] Мрежата имала повеќе од десетина затворени објекти за одгледување во близина на Барселона, опремени со технологија за брзо одгледување. Нивниот производ бил дистрибуиран



**Албанка со запленети растенија марихуана по полициските рации во Лазарат, Албанија, јуни 2014.**

© Gent Shkullaku/AFP via Getty Images

во Каталонија. Според шпанските власти, ова била најважната криминална организација вклучена во трговија со канабис што е разбиена годинава.[6]

Сè поголем е бројот на глобални студии што ја анализираат улогата на жените во организираните криминални групи ширум светот, гледајќи ги нивните улоги и како жртви и како сторители.[7] Креаторите на политиките, исто така, сè повеќе ја препознаваат улогата на родот во обликувањето на ранливоста на поединците кон организираниот криминал. На Западен Балкан, сепак, врската помеѓу родот и организираниот криминал останува недоволно проучена. Малку извештаи за регионот обрнуваат внимание на улогата на жените во организираниот криминал, а уште помалку ги разгледуваат родовите сфаќања поврзани со организираниот криминал и дали родот влијае врз тоа зошто и како луѓето се вклучуваат.[8]

Социоекономските фактори секако играат улога во однос на зголемувањето на ранливоста кон организираниот криминал. На пример, 49 лица (мажи и жени) интервјуирани за една неодамнешна студија едногласно ги посочиле економските тешкотии како мотив за нивно учество во незаконско одгледување канабис.[9] Но, иако социоекономските влијанија се широко признаени, има помал фокус врз тоа како тие може да влијаат поинаку врз жените и што значи ова во однос на тоа како се формира ранливоста на мажите и жените кон организираниот криминал.

Голем број водечки показатели укажуваат дека жените се соочуваат со уште поголеми економски тешкотии отколку мажите на Западен Балкан. На пример, како што е прикажано на Слика 3, невработеноста во регионот е висока – особено кај младите жени.

Во 2019 година се јавил и родов јаз во платите, кој во просек изнесувал 10% во Албанија, 13,9% во Црна Гора и околу 12% во Северна Македонија. Истата година, во Србија, просечната месечна плата за жена е за 30 евра пониска од онаа за мажот.[10]




**СЛИКА 3** **Стапка на невработеност за Шесторката од Западен Балкан, 2019.**
Извор: Светка банка, отворени податоци на Светска банка: https://data.worldbank.org/

## БРОЈ НА ЗАТВОРЕНИЦИ (МАЖИ И ЖЕНИ) НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




**СЛИКА 4 Затворска популација на Западен Балкан, 2019.**

Извор: M Aebi and M Tiago, Prison populations, SPACE I - 2019, Council of Europe, https://wp.unil.ch/space/files/2020/04/200405_FinalReport_SPACE_I_2019.pdf; Kosovo Correctional Services, Statistics, https://shkk.rks-gov.net

Ако економските тешкотии се значаен фактор што ги турка луѓето во организиран криминал како извор на приход, се претпоставува дека затворите во Западен Балкан ќе бидат полни со жени. Сепак, тоа не е така.

Како што се гледа на Слика 4, која дава преглед на затворската популација во Шесторката од Западен Балкан во 2019 година, бројот на жени зад решетки е многу мал процент од вкупниот број. На крајот на 2019 година, 4,1% или помалку од вкупното население во затворите низ Западен Балкан биле жени.[11] Покрај тоа, многу од овие пресуди се поврзани со ситен криминал (измама и грабеж), а не со организирани криминални активности. Од 2015 година наваму, се зголеми бројот на жени осудени за злосторства поврзани со дрога во Албанија, вклучително и пресудите за злоупотреба на дрога и активности поврзани со организиран криминал.[12]

Официјалната статистика исто така покажува дека улогата на жените во организираниот криминал е ограничена: Податоците на Министерството за внатрешни работи на Србија во 2019 година покажуваат дека речиси 95% од членовите на организирани криминални групи во Србија биле мажи.[13]

Иако ова сугерира дека организираниот криминал на Западен Балкан е машки свет, клучно е да се признае дека родовата перцепција не ја обликува само улогата што ја играат поединците во организираниот криминал, туку и реакциите од органите за спроведување на законот и моделите на







**Млади членови на албански банди ги истакнуваат материјалните симболи на нивниот статус.**

Извор: Социјални мрежи

забрана. Затворската популација и официјалната статистика може да дадат искривена рефлексија на криминалниот пејзаж на Западен Балкан.

Меѓутоа, јасно е дека на Западен Балкан криминалот и машкоста се тесно поврзани. Зачленувањето во криминална група може да биде привлечно за некои млади мажи да се чувствуваат повластени и да постигнат статус и богатство што инаку не им се достапни во нивната заедница. Сликата на криминалот, како што се шири и се споделува на социјалните мрежи и во популарната култура честопати го прикажува членот на бандата како цврст, независен и моќен млад човек што станал успешен во својата заедница или во странство, кој е почитуван или од кој се плаши локалната заедница и е можен пример за следење на младите.[14]

Жените, од друга страна, во регионот традиционално се сметаат за чувари на семејството. Оттука, овој концепт предвидува жените да играат ограничена улога помагајќи им на своите мажи или впуштајќи се во организиран криминал преку нивно вклучување во ненасилни или придружни задачи. Овие улоги зад сцената поретко се во фокусот на напорите за спроведување на законот. Всушност, улогите што жените имаат тенденција да ги играат во мрежите на организиран криминал, заедно со родовата перцепција на криминалитетот меѓу органите за спроведување на законот, може да значи дека жените се недоволно застапени во статистичките податоци за организираниот криминал.

Ограничениот фокус на улогата што ја игра родот во организираниот криминал и недоволноста на родово чувствителните податоци достапни на Западен Балкан го отежнуваат точното проценување на улогата на жените и нивната вклученост во криминални групи. Но, гледањето на организираниот криминал од родов аспект не само што помага подобро да се разберат неформалните правила и обреди што ги обликуваат родово исцртаните улоги за мажите и жените, туку, исто така, може да придонесат за дизајнирање соодветни контрамерки што може да ги променат ставовите, претставите и однесувањето и да се зајакне отпорот на заедницата.

## Забелешки

1 Интервју со жена од Жеје вклучена во одгледување канабис, март 2020.

2 Интервју со жена од Поро вклучена во одгледување, канабис 18 јануари 2020.

3 Интервју со жена од Болене, која е поранешен одгледувач на канабис, февруари 2020.

4 ATV, *Srpkinja na čelu narko-bande: Hapšenje u Španiji, pokrenuta policijska akcija*, 8 September 2020, ATV, https://www.atvbl.com/

vijesti/svijet/srpkinja-na-celu-narko-bande-hapsenje-u-spaniji-pokrenuta-policijska-akcija-28-9.

5 Mondo, *OPASNE SRPKINJE: Nekoliko žena iz Srbije bile na čelu narko-mafije! Za jednom su posebno tragali!*, 5 October 2020, https://mondo.me/Info/EX-YU/amp/a876698/Srpkinje-na-celu-narko-bandi-sverc-droga.html.

6 Enrique Figueredo, *Cae una banda de traficantes de marihuana dirigida desde Valls por una serbia que acababa de tener un bebé*, 22 September 2020, La Vanguardia, https://www.lavanguardia.com/sucesos/20200922/483625919108/barcelona-tarragona-marihuana-guardia-civil-valls-mujer-serbia.html.

7 Europol, Crime has no gender: meet Europe's most wanted female fugitives, Europol, 18 October 2019, https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/crime-has-no-gender-meet-europe%E2%80%99s-most-wanted-female-fugitives.

8 This article recognizes gender as non-binary and understands that members of the LGBTQI community will also experience and react differently to organized crime.

9 Fatjona Mejdini, Cannabis cultivation in Albania. An assessment, 2020 (unpublished).

10 Statistical Office of the Republic of Serbia, Average salaries and wages, by regions, qualification levels and sex, https://data.stat.gov.rs/Home/Result/2403040509?languageCode=en-US; Center of Investigative Journalism in Montenegro, *NEJEDNAKE PLATE ŽENAMA U ODNOSU NA MUŠKARCE: Diskriminacija i po novčaniku*, 1 March 2020, http://www.cin-cg.me/nejednake-plate-zenama-u-odnosu-na-muskarce-diskriminacija-i-po-novcaniku/; Radio MOF, *Родов јаз во плати во Македонија*, 10 April 2018, https://www.radiomof.mk/infografik-rodov-jaz-vo-plati-vo-makedonija/; INSTAT, Women and men in Albania 2020, 2020, http://www.instat.gov.al/en/themes/demography-and-social-indicators/gender-equality/publication/2020/women-and-men-in-albanian-2020/.

11 Процент на затворенички: 1,7% (86) од сите затвореници во Албанија се жени; 2,2% (35) во Косово; 2,6% (30) во Црна Гора; 3,3% (70) во Северна Македонија и 4,1% (441) во Србија. Нема конкретни податоци за Босна и Херцеговина, каде што се претпоставува дека жените се меѓу 3-10% од вкупната затворска популација. Видете M Aebi and M Tiago, SPACE I – 2019, Council of Europe annual penal statistics: prison populations, https://wp.unil.ch/space/files/2020/04/200405_FinalReport_SPACE_I_2019.pdf; Kosovo Correctional Services, Statistics, https://shkk.rks- gov.net; *Ženski zatvori u BiH imaju problema s kapacitetom*, Zenit, 11 November 2019, https://shkk.rks-gov.net; *Ženski zatvori u BiH imaju problema s kapacitetom*, Zenit, 11 November 2019, https://www.zenit.ba/zenski-zatvori-u-bih-imaju-problema-s-kapacitetom/.

12 INSTAT, Perpetrators by criminal offences and sex, General Directorate of Prisons, http://instat.gov.al/en/themes/demography-and-social-indicators/crimes-and-criminal-justice/#tab2.

13 Data presented at a meeting between the Working Group of the National Convention on the EU Chapter 24 and the Negotiating Group of the Government of Serbia on Justice, Freedom and Security, Belgrade, 18 February 2020.

14 *Mladi kriminalci u Srbiji su zvezde Instagrama, a evo ko je najviše kriv za to*, *Telegraf*, 24 July 2019, *Telegraf*, 24 July 2019, https://www.telegraf.rs/amp/zivot-i-stil/porodica-zivot-i-stil/3085559-mladi-kriminalci-u-srbiji-su-zvezde-instagrama-a-roditelji-su-i-te-kako-krivi-sto-ih-deca-obozavaju?fbclid=IwAR2IZWnzJdCE6BhZh3-_SNUpeA1wxWsuh79JEmFwBB2rhYyR6QReMmiVTzg. See also Marcello Ravveduto, *La paranza dei bambini*, *La Google Generation di Gomorra*, Questione Giustizia, 14 January 2017, https://www.questionegiustizia.it/articolo/la-paranza-dei-bambini-la-google-generation-di-gomorra_14-01-2017.php.

# Фишинг во Северна Македонија

Во 2016 година, Северна Македонија стана озлогласена кога беше откриено дека веб-страниците на про-Трамп и анти-Клинтон со потекло од малиот град Велес шират лажни вести од десетици други веб-страници за време на претседателските избори во САД.[1] Оттогаш, се чини дека проблемот се сврти, бидејќи македонските институции и деловни активности станаа жртви на сајбер-напади.[2]

Дигитализацијата отвори нови можности, но исто така донесе и големи ризици. Бидејќи сè повеќе луѓе купуваат, вршат банкарски операции и комуницираат преку интернет, криминалците ги користат трансакциите во ссајбер-просторот за да украдат пари и идентитети.[3] Еден од најчесто користените видови измама на интернет е попознат како „фишинг“.

Фишингот е техника на социјален инженеринг што се користи за кражба на податоци или вршење измама. Тоа се прави со праќање лажни реклами преку лажни веб-страници до корисници што не се сомневаат во такво нешто. Рекламите обично содржат промоции за продажба на разни стоки, вклучувајќи, на пример, апарати или возила по примамливо ниски цени. Тоа се прави за да ги намами потенцијалните жртви да споделат чувствителни информации, како што се лични податоци, кориснички имиња и лозинки, како и детали за платежна картичка и банка. Неодамнешните случаи во Северна Македонија покажуваат како работат овие криминалци и нивното влијание врз малите и средни бизниси.

Како што покажува примерот подолу, URL-адресата на сликата од екранот е лажна: наместо „facebook“ во URL-то пишува „fakebook“. Кога корисникот ќе кликне на врската, неговиот или нејзиниот компјутер ќе се зарази со малициозен софтвер, што овозможува негова контрола од страна на хакер.

Во Северна Македонија, неодамнешниот бран случаи на компјутерски криминал ги потенцира ранливите страни. Малите и средни претпријатија сè повеќе се селат на интернет за да привлечат повеќе клиенти и да вршат деловни трансакции. Овој тренд се забрза за време на кризата со КОВИД-19. Сепак, многу од овие бизниси немаат специјални оддели за ИТ или безбедност што може да ги намалат нивните ризици за компјутерска безбедност, ниту, пак, доволно го предупредуваат или го обучуваат својот персонал за овие закани.

Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти во Северна Македонија известува дека во текот на ???? година – особено од избувнувањето на пандемијата, тие забележале растечки тренд на кампањи за фишинг насочени кон корисниците, вклучително и бизнисите.[4] Измамата на интернет во

**Пример 1: Клиентот добива електронска порака**

Почитуван клиенту!

Со цел да ја продолжиме нашата соработка, би сакале да ви понудиме нова колекција за лето 2020.

На следниот линк, може да го најдете нашиот нов каталог за 2020:
http://fakebook.com/catalog2020

Со почит
Тимот на Фејзбук

**Скриншот од реклама за фишинг, Северна Македонија**




**СЛИКА 4** ипични фази во напад со фишинг и пресретнување комуникација по е-пошта.

Северна Македонија е главно поврзана со незаконското пресретнување на деловната комуникација преку е-пошта помеѓу компании во земјата и нивните деловни партнери во странство.[5] Сторителите се преправаат дека претставуваат странска компанија и даваат сметка во банка за уплата. На овој начин, законската исплата од компанијата во Северна Македонија на странски деловен партнер се пренасочува на сметка што е контролирана од криминалците. Овие криминалци честопати тешко се откриваат, бидејќи често ги менуваат серверите што се користат за пресретнување е-пошта и банкарските сметки на кои се плаќаат парите.[6]

Според полицијата на Северна Македонија, овој вид измама ѝ нанел штета на локалната економија во вредност од стотици илјади евра.[7]

Два случаи од градот Гостивар го илустрираат проблемот. Во првиот, хакер успеал да влезе во софтверскиот систем на компанија во Гостивар со пресретнување електронска комуникација помеѓу компанијата и нејзините деловни партнери. Во март 2016 година, еден човек од Чешка се претставил во компанијата во Гостивар како сопственик на компанија во Швајцарија. Тој пратил е-пошта до сопственикот на компанијата во Гостивар, правејќи неколку деловни понуди преку интернет. Компаниите разменувале електронски фактури и комуницирале преку е-пошта во врска со плаќањето. Македонската компанија потоа добила е-пошта што се чинело дека е од швајцарската компанија, но всушност била пратена од лажна компанија. Во е-поштата се барала исплата на првата рата за една од нарачките и наведувала банкарски детали. Така, македонската компанија била измамена да префрли 3 600 евра на погрешна банкарска сметка.[8]

Во вториот случај, во 2017 година позната увозно-извозна компанија за малку избегнала да стане жртва на измама за фишинг кога во последен момент открила дека банкарските детали за исплата од 10 000 евра пратени по електронска пошта се разликуваат од сметката што претходно ја користел нивниот деловен партнер.[9]

Сајбер-нападот не само што може да се покаже скап за бизнисот, туку може да ја наруши и неговата репутација. Сопственикот на позната компанија во Скопје изгубил 100 000 евра кога хакер успеал да пресретне електронска комуникација помеѓу неговата компанија и деловен партнер во Србија.[10] Сопственикот претпочита да не ѝ дава публицитет на приказната затоа што клиентите и потенцијалните клиенти може да избегнат да работат со компанија за која се смета дека не внимава на својата внатрешна контрола или има слаба безбедност. Компаниите, исто така, може да бидат тужени од клиенти чии податоци се украдени преку хакерски напади.

Големите компании не се имуни на компјутерски криминал. Во февруари 2020 година, најголемиот мобилен оператор во земјата, Македонски телеком, објави хакерски напад насочен кон корисниците на мобилни телефони во мрежата на Т-Мобиле. Корисниците биле избрани преку повреда на податоците и последователните напади биле извршени главно од сајбер-крадци во Естонија, Литванија и Нигерија.[11]

Методите на хакерите стануваат сè пософистицирани. Во еден случај, тие се претставиле како „Полициски сили на Република Македонија“ користејќи лажен налог за е-пошта (kontakts@moi.gov.mk) за да праќаат е-пошта до физички и правни лица со следниот наслов: „Поканети сте на тековна истрага за банкарска измама“.[12] Во е-поштата пишувало „Ви пишуваме за да ве известиме дека сте поканети во Полицијата на Република Македонија во врска со тековната истрага за банкарска измама. Деталите за поканата се вклучени во приложениот PDF документ“. Хакерите биле толку убедливи зашто вклучиле и логоа и текст што личел на оној што го користат официјалните претставници на Министерството за внатрешни работи, како и прилог за кој тврделе дека е PDF. Овој прилог е поврзан со малициозна датотека (mvr-31720.iso) преку URL-адреса (https://nyschool.edu.sg/mvr-3170. Iso). За време на истрагата бил откриен малверот (MSIL/Kryptik.DJ). Не е познато колку компании биле заразени со ваков вид малициозен софтвер, па затоа степенот на штетата сè уште не може да се процени.

Иако компјутерскиот криминал се зголемува на целиот Западен Балкан, Северна Македонија се чини дека е несразмерно погодена. Земјата беше цитирана во минатите извештаи на Центарот за жалби за криминал на интернет на ФБИ.[13] Навистина, бројот

на поплаки по глава на жител ја става Северна Македонија на второто место според компјутерскиот криминал, веднаш зад САД. Северна Македонија е рангирана на првото место според бројот на прекршоци за компјутерски криминал во однос на проценетиот број корисници на интернет.[14]

На Западен Балкан се зголемуваат инцидентите со компјутерски криминал, особено поради зголемената дигитализација на регионот и растечкиот тренд за трговија на мало преку интернет за време на кризата со КОВИД-19. Клиентите и деловните субјекти треба да бидат попретпазливи, додека, пак, органите за спроведување на законот и приватниот сектор треба да се обидат да ја засилат својата соработка. На ситуацијата во Северна Македонија ѝ треба посебно внимание за справување со еден преголем проблем.

## Забелешки

1 Samanth Subramanian, Inside the Macedonian fake-news complex, Wired, 15 February 2017, https://www.wired.com/2017/02/veles-macedonia-fake-news/.

2 Bojan Stojkovski, Hackers expose gaping holes in North Macedonia's IT Systems, BIRN, 22 May 2020, https://balkaninsight.com/2020/05/22/hackers-expose-gaping-holes-in-north-macedonias-it-systems/.

3 PwC, Fighting fraud: A never-ending battle, PwC's Global Economic Crime and Fraud Survey, 2020, https://www.pwc.com/fraudsurvey.

4 MKD-CIRT (Агенција за електронски комуникации), Почетна страна, https://mkd-cirt.mk/.

5 Канал 5 ТВ, Бесими: Ќе воведеме систем на паметни финансии, 6 September 2020, https://kanal5.com.mk/besimi-kje-vovedeme-sistem-na-pametni-finansii/a437721.

6 Ministry of Interior of the Republic of North Macedonia, Report for risk assessment on organized and serious crime (2017–2019), 2019, p. 29.

7 Видете https://mkprogramer.wordpress.com.

8 Svetlana Nikoloska and Marija Gjoseva, Criminal law, Criminological and Criminalist aspects of computer fraud in the Republic of North Macedonia, *The Great Powers Influence on the Security of Small States*, Ohrid, 2019, pp 124–137,https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/07/2019-tom-2.pdf.

9 Видете https://gostivarpress.mk/gostivarski-kompanii-vo-kandhi-na-internet-izmamnitsi/.

10 Interview with a business owner who was the victim of a hacker attack, 18 September 2020.

11 Алфа, *Паника кај корисниците мобилните мрежи – македонски броеви мета на хакерски напад*, February 2020, https://alfa.mk/panika-kaj-korisnicite-mobilnite-mrezi-makedonski-broevi-meta-na-hakerski-napad/.

12 Видете https://mkd-cirt.mk/2020/07/31/fishing-kampanja-koja-targetira-makedonski-adresi-za-e-poshta-so-lazhno-pretstavuvanje-na-isprakjachot-kako-policija-na-republika-makedonija-kontakts-moi-gov-mk/.

13 The Internet Crime Complaint Center (IC3), 2013 Internet Crime Report, https://pdf.ic3.gov/2013_IC3Report.pdf.

14 Dragi Rashkovski, Vasko Naumovski and Goce Naumovski, Cybercrime tendencies and legislation in the Republic of Macedonia, *European Journal on Criminal Policy and Research*, 22, 127–151, https://doi.org/10.1007/s10610-015-9277-7.

# За разбивањето на силосите и „недопирливите“: мрежа Балканска криминологија

Д-р Ана-Марија Гетош Калач, основач и копретседавач на Балканска криминологија и вонреден професор на Правниот факултет на Универзитетот во Загреб, зборува за зајакнување на мрежите и разбивање на силосите меѓу академската фела, граѓанското општество, медиумите и актерите во кривичноправните системи на Западен Балкан и за улогата на академската заедница во борбата против корупцијата.



**Може ли да ни кажете за платформата Балканска криминологија: зошто е потребна и што прави?**
Кога ги завршив докторските студии на Институтот за проучување криминал, безбедност и право Макс Планк (во Фрајбург, Германија), барав нешто слично на Балканот. Но, повеќето од најголемите криминолошки институти во поранешна Југославија повеќе не беа активни. Затоа, се обидов да се поврзам со истомисленици од Југоисточна Европа – луѓе од мојата област заради споделување идеи и работа. Исто така, сфатив дека со оглед на тоа што организираниот криминал е транснационален, за да го проучуваме ни треба транснационален одговор во истражувачката заедница. Пред околу десет години, започнав да барам барем еден значаен контакт во секоја балканска земја. И така започна Балканска криминологија, како мрежа на млади истражувачи. Направивме заеднички проекти, како што е мапирање на организираниот криминал во регионот, разгледување на виктимологијата и истражување на состојбата во затворите. Се среќававме секогаш кога е можно за конференции, работилници и семинари. Мислам дека помогна тоа што имавме поинакво размислување од постарата генерација: не бевме толку заинтересирани за поновата историја на регионот или за прашањата за етничка припадност. Се собравме како истражувачи, академска фела, јавни обвинители и луѓе од граѓанското општество што сакаа да учат едни од други.

**Како го објаснувате фактот, или барем перцепцијата, дека има голема инциденција на организиран криминал на Западен Балкан, но речиси и да нема истражување за тоа што произлегува од регионот?**
Во академската заедница има силен фокус на издаваштвото. Повеќето од почитуваните меѓународни журнали за криминологија се објавуваат на англиски јазик. Ова е хендикеп за луѓето од Западен Балкан што не пишуваат добро на англиски јазик или не може да си дозволат уредник. Значи, дури и ако малкумина експерти за криминологија од регионот имаат добри податоци, тие ретко имаат можност да ги објават. Истражувачите надвор од регионот имаат тенденција да објавуваат, но честопати без сопствено емпириско знаење или добро разбирање на локалната состојба. Во средина се невладините организации: тие ретко се криминолози и ги немаат истите стандарди за објавување како академската заедница. Но, тие го познаваат регионот, имаат можност да објавуваат

дома и имаат доволно ресурси бидејќи може да користат донаторски пари. Тие не се потпираат единствено на јавно финансирање, како универзитетите.

**За криминалците од Западен Балкан се вели дека сѐ уште дејствуваат во „југосферата“. Кога го анализирате организираниот криминал, дали го сметате Балканот како единствен криминолошки простор?**
Апсолутно. Регионот е *sui generis* криминален простор, со тоа што земјите од регионот имаат слична историја, правни рамки и криминални пазари. Секако постојат заеднички фактори што го разликуваат регионот од социолошка и криминолошка перспектива. За жал, поради оваа причина терминот „Балкан“ често се користи пежоративно.

**Кои се некои од предизвиците при обединување луѓе од различни земји и дисциплини што го проучуваат и анализираат организираниот криминал на Западен Балкан?**
Главниот предизвик за зближување на луѓето од регионот е недостигот на ресурси. Речиси и да нема други бариери. И покрај тоа што има релативно малку луѓе од академската фела, истражувачки новинари и луѓе од граѓанското општество во регионот што се фокусираат на организираниот криминал и корупцијата, тие ретко се среќаваат. Затоа, секоја година почнувајќи од ???? година – благодарејќи на институтот Макс Планк и сега на Фондот за отпор на GI-TOC – Балканска криминологија во Дубровник организираше еднонеделен курс за истражување на криминалот на Балканот. На Балканот постои силна традиција луѓето да се потпираат на лични контакти и мрежи. Истиот пристап треба да се примени на истражувачите што работат на организиран криминал и корупција. Затоа, оваа годишна средба е толку многу важна: да се разбијат силосите, да се остварат нови контакти, да учиме едни од други и да се среќаваме неформално.

**Може ли да ни кажете за некои од предизвиците со кои се соочивте во Хрватска во однос на финансирањето на јавното истражување?**
Корупцијата и врските што диктираат многу од начинот на работа во нашиот регион влијаат и врз тоа дали вашиот проект добива јавно финансирање. Исто така, се соочуваме со тешкотии при аплицирање и администрирање грантови за истражување од странство. Во многу случаи, процесите се посложени отколку она со што може да се справат нашите ограничени човечки ресурси.

**Како би ја карактеризирале состојбата со организираниот криминал на Западен Балкан?**
Криминалните пазари или групи на Западен Балкан не се позначајни од оние во другите делови од светот. Најголем проблем тука е влијанието на организираниот криминал врз државата. Постојат клучни бизнисмени што имаат блиски врски со политичари и службени лица во безбедносниот сектор. Овие луѓе имаат влијание и моќ – јас ги нарекувам „недопирливи“. Овој вид организирана корупција е најголемата закана за стабилноста и владеењето на Балканот.

**Како успевате да заинтересирате повеќе млади истражувачи од Западен Балкан да го проучуваат организираниот криминал? И како образованието може да помогне да се создаде култура на законитост и интегритет?**
Клучот е да се развие нова генерација истражувачи и тие да се здружат преку платформи како што е Балканска криминологија. Потребни ни се и повеќе интердисциплинарни контакти и заеднички проекти. Што се однесува до учењето култура на законитост, мислам дека може да се направи разлика на универзитетско ниво, на пример, на правниот факултет. Но, јас немам илузии: ограничени сме во поглед на она што може да го сториме ако целиот систем е корумпиран.

Мрежата Балканска криминологија, основана во 2013 година, е осмислена да изгради отпор кон организираниот криминал и преземање на државата од страна на криминалот во Југоисточна Европа. Поддржана од Фондот за отпор на GI-TOC, мрежата ја обединува академската фела, новинари, професионалци од кривичноправниот систем и невладини организации вклучени во борбата против организираниот криминал на Балканот.

# Благодарност

Овој Билтен на ризици е производ на Опсерваторијата на глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал на нелегални економии во Југоисточна Европа (ЈИЕ-Опс).

ЈИЕ-Опс е платформа којашто ги поврзува и ги зајакнува чинителите од граѓанското општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Има за цел да му овозможи на граѓанското општество да ги идентификува, анализира и мапира криминалните трендови и нивното влијание врз нелегалните текови, владеењето, развојот, меѓуетничките односи, безбедноста и владеењето на правото. ЈИЕ-Опс го поддржува граѓанското општество во следењето на националната динамика и пошироките регионални и меѓународни трендови во организираниот криминал. Основањето на опсерваторијата произлезе како резултат на Самитот за Западен Балкан во Лондон во 2018 година, дел од Берлинскиот процес.

Би сакале да се заблагодариме на Клевис Палока и Имран Половина за нивниот ценет придонес.

**Билтените на ризици се редовни публикувани информации на нашите регионални опсерватории што се потпираат на мрежите на граѓанското општество со цел да обезбедат нови податоци и да ги стават во контекст трендовите поврзани со мрежите на организиран криминал, нелегалната трговија и одговорот на државите коннив. Доколку сакате да се претплатите на идните изданија на Билтенот на ризици, регистрирајте се овде или испратете е-пошта на almedina.dodic@globalinitiative.net.**

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал е глобална мрежа со над 500 експерти ширум светот. Глобалната иницијатива обезбедува платформа со цел промовирање поширока дебата и иновативни пристапи како градиво за инклузивна глобална стратегија против организираниот криминал.

**www.globalinitiative.net**

Оваа публикација е изработена со финансиската поддршка на Фондот за конфликт, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. За содржината единствена е одговорна ГИ-ТОК и таа не ги одразува нужно ставовите на Обединетото Кралство.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME